изнесување на граѓа надвор од Југославија и нејзино пренесување од едно во друго место. Истакнато е правото на откупување и правото на притежавање на архивската граѓа.

За пополнување на сликата на проблемите кои се јавуваат околу спроведувањето успешна заштита на архивската граѓа неопходно е да се спомене како основен и проблемот за нејзино средување. Овој проблем авторот не го обработил посебно, но не можел и да не го спомене. Покрај тоа што проблемот за средување на архивската граѓа недоволно е обработен во архивските прописи, неопходно е да се разработи од тој аспект Упатството за вршење повремени прегледи за одбирање на архивската граѓа и регистарскиот материјал. Упатството пропишува заеднички архивски знаци за средување на архивската граѓа во регистратурите. Важноста на средувањето се состои во создавањето услови на поголема евидентност на материјалот, а со тоа и негова поголема заштита и ползување.

Во вториот дел авторот ја разгледува организационата поставеност на архивската служба, задачите и надлежноста во однос на територијалната надлежност, надзорот, работата на управните и стручните тела, а го завршува со санкциите предвидени за непридржување кон архивските прописи.

Тука е дадена и слика на архивската мрежа на територијата на Македонија во перспектива, според препораката на Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ за натамошно унапредување на архивската служба во Македонија.

Во третиот дел, почнувајќи од 1945 година па наваму, исцело се отпечатени сите архивски прописи од сојузен и републички карактер.

Во нашите (републичките) прилики на недостиг на стручни архивски трудови, појавата на трудот „Заштита на архивската граѓа“, единствен од ваков вид, е за поздравување и ветува успешно да одговори на поставените цели, да укаже на значењето на заштитата на архивската граѓа и да послужи како основен материјал на стручните работници кои се задолжени во полагањето на стручните испити.

**О. В.**

**МАКЕДОНСКИ АРХИВИСТ**, списание на Друштвото на архивските работници и архивите во СР Македонија, год I (1972), бр. 1, стр. 229

Дниве се појави од печат првиот број на списанието Македонски архивист, како орган на Друштвото на архивските работници и архивите на СР Македонија.

Со својата богата и разновидна содржина, со својата пријатна надворешност и техничка опрема, Македонски архивист го привлече вниманието не само на бројните архивисти на Македонија и Југославија туку и на историчарите и другите културни и научни работници кои во неговата појава гледаат пополнување на една голема празнина во нашата периодика.

Еден површен поглед на содржината на статиите што се во него јасно му даваат на знаење на читателот дека целта што си ја поставило списанието Македонски архивист „да ја обелоденува работата и достигањата на архивското поле“ уште во првиот свој број се зафатило сериозно да ја реализира. Преку своите статии и расправи, посветен на основните прашања од архивската теорија и пракса (статиите на Милош Константинов, Новица Велјановски, Загорка Присаѓанец — Тодоровска, Љупчо Миташов, Коста Цингаровски, Љубомир Герасимов, Неџат Јашар и Ранка Софреска), тоа го известува читателот само за некои досегашни постигања во макотрпната работа на истражувањето, при собирањето и средувањето на богатото културно архивско наследство што со текот на историските околности одвај по ослободувањето на нашиот народ можеше да се изврши. За тоа зборува уводната статија на директорот на Архивот на Македонија Димче Стојанов — Мире во која се дадени глобално постигањата не само во прибирањето и средувањето на архивските фондови туку, што не е помалку важно од горното, и крупните постигања на Архивот на Македонија во планското издавање на редица едиции од документи, библиографски прирачници и монографии за историјата на македонскиот народ.

Статијата на д-р Владимир Мошин во ова списание, покрај описот и датирањето на еден број јужнословенски ракописи во Ленинградското одделение на Историскиот институт при Академијата на историските науки на СССР, ни ги дава во прилог и водните знаци во нив.

Во својата втора статија Милош Константинов ни ги дава грбовите на седум денешни градови во Македонија.

Заслужува особено внимание статијата на Олга Вагленарова за републичките органи на управата во Македонија од 1944—1963 г. која дава податоци за проблемите во државната управа на СРМ од најново време. Во таа смисла исто така го привлекуваат вниманието на историчарот описите на фондовите од поново време што ги даваат Сл. Пајвански и Емине Адеми.

Драгоцени се, макар еднаш објавени во Архивист (год. IV. бр. 2), документите што ги презентира Неџат Јашар за создавањето и краткотрајната активност меѓу двете светски војни (1926—1939) и затворањето на некогашната Државна архива во Скопје. Објавените документи јасно зборуваат за немарноста на ненародните режими на бивша Југославија кон културното богатство на Македонија, за грубата постапка со затворањето на таа Архива и префрлувањето на дел од таа архива во Белград. Од друга страна, од објавените други два документа на Павле Митрески за собирањето на архивска граѓа во Македонија од страна на Друштвото Св. Сава уште појасно се гледа за каков вид граѓа и со какви цели ја барало таа граѓа ова режимско друштво на бившата југословенска држава.

Многу полезни се податоците од пописите на архивските фондови во романските архиви што содржат податоци за Македонија, а што ни дава Ристо Кирјазоски.

Романија е една од најраните земји во која се одеше од Македонија на печалба. Во Романија се формирале и првите македонски колонии во кои прогресивните Македонци пројавувале голем интерес за својата поробена татковина. За тоа и нашиот интерес кон романските архиви е сосем оправдан.

Фани Буцкова ја прикажува книгата „Фигури на архивски работници во Романија" што била објавена по повод 140-годишнината од основањето на првиот романски архив. Да се надеваме дека во идниот број на Македонски архивист ќе најдат место повеќе прикази на книги од југословенската архивистика и документација, како и од другите соседни земји чија што проблематика ја засегнува Македонија.

Информацијата на Татјана Веселинова за истражувачите на архивска граѓа во Архивот на Македонија дава увид кои сѐ истражувачи и на какви теми работеле ползувајќи ги архивските фондови на Архивот на Македонија од 1959—1971 год., додека Султана Кронеска дава библиографија на стручно-прирачните публикации од областа на архивистиката со кои располага Архивот на Македонија.

Од овој краток преглед може да се види разновидноста на статиите со кои се појави првиот број на Македонски архивист. Поздравувајќи го неговото излегување списанието Историја ќе се труди да го популаризира сред своето членство, а истовремено му пожелува другите броеви да бидат по својата содржина исто така интересни, како и овој прв број.

**Љ. Л.**

**МУЗЕЈСКИ ГЛАСНИК,** Орган на Историскиот музеј на Македонија во Скопје, Год. I, бр. 1 (1972), стр. 127

Во аналите на македонската периодика 1972 година ќе биде обележена со појавата на две нови списанија: Македонски архивист, орган на Друштвото на архивските работници и архивите во СР Македонија за коешто погоре стана збор и Музејски гласник, орган на Историскиот музеј на Македонија во Скопје. Истовремената појава на овие две списанија говори за созреаните услови на двете важни установи на Македонија да ѝ ги презентираат на јавноста на увид не само своите досегашни постигања туку истовремено и да ги зацртаат и новите задачи што стојат пред нив за решавање.

За разлика од списанието Македонски архивист, списанието Музејски гласник има јубилеен карактер. Токму оваа година се навршуваат 20 години од основањето на Историскиот музеј во Скопје и по тој повод директорот на Музејот Трпко Панговски и вишиот кустос Галена Куцулоска во своите статии прават преглед на постигањата во истражувачката и собирачката дејност, во средувањето и обработувањето на музејските фондови и збирки, како